# Blueair Pro

Упатство за користење



Создадено со љубов во Шведска

# Содржина


| | |
|---|---|
| Добредојдовте | 4 |
| Прочистувач на воздух Blueair Pro Series | 5 |
| Добијте го најдоброто од Вашиот Blueair  систем | 6 |
| Почеток | 7 |
| Подесување | 8 |
| Грижа и Начин на одржување | 10 |
| Како работи | 11 |
| Промена на филтер | 12 |
| Додавање на Јаглерод + Филтерот | 14 |
| Филтри | 15 |
| Модул за препознавање на воздух | 16 |



Добредојдовте во Blueair Pro семејството

Ви благодариме што го купивте прочистувачот на воздух на Blueair Pro.

Со патентираната HEPASilentTM технологија и најсовремени филтри, тој е досега нашиот најмоќен и технички најнапреден прочистувач на воздух. Сепак е неверојатно лесен за поставување. Само приклучете го во штекер, вклучете го и оставете го да си дува.

**Одржувајте ги филтрите чисти**

Менување на филтрите според распоредот за замена го одржува Вашиот Blueair Pro во одлична состојба.

**Продолжете си ја Вашата гаранција**

Пополнете ја и испратете ја Вашата картичка за гаранција на Blueair уште денес, за да ја продолжите Вашата ограничена гаранција.

**Чувајте ја планетата здрава**

Максимален ефект, минимален отпечаток. Вашиот Blueair Pro може да се рециклира за да живее вечно.

# **Blueair Pro** Прочистувач на воздух

Задна страна

Рачка

Предна страна




Влез за Модул за Проверка на воздух

Контрола

Индикатор со светло за вклучено

Влез на воздух

Излез на чист воздух

Куќиште од поцинкуван челик

# Добијте го најдоброто од Вашиот Blueair систем

Blueair системот е лесен за употреба. Бидете сигурни дека Вашиот уред одговара за Вашата соба и менувајте ги филтрите според препорачаниот распоред за замена на филтерот. Треба да знаете дека, исто како што климатизерите и греалките имаат ограничување во обемот на воздухот кој можат да го изладат или загреат, секој систем за прочистување на воздухот има ограничувања на обемот на воздухот кој може да го исчисти. Следете ги следниве насоки кои се од големо значење.

## Затворете ги прозорците

Сигурно нема да ги отворите ширум прозорците во топол летен ден и да очекувате дека Вашиот климатизер ќе работи ефикасно, бидејќи може да го почувствувате топлиот воздух како доаѓа, а ладниот воздух како излегува надвор. Иако не можете да го видите загадениот воздух како влегува внатре, а чистиот воздух излегува надвор, истото логично размислување важи и за Вашиот прочистувач на воздух.

## Затворете ги вратите

Исто како што би затвориле дел од Вашата куќа во ладна зимска ноќ за може Вашата греалка да работи поефикасно, затворете ја и просторијата во која Вашиот систем работи за да добиете најдобри резултати.

## Вашиот систем нека работи 24 часа на ден

За најдобри резултати, Вашиот Blueair уред треба да работи 24 часа на ден, 7 дена во неделата. Постојаната работа овозможува континуирано снабдување со чист, филтриран воздухот кој постојано циркулира низ собата. Blueair системите се направени за неверојатна ниска потрошувачка на енергија. Всушност, за напојување на Blueair прочистувачот на воздух чини исто колку што чини за напојување на една сијалица, во зависност од уредот и брзината на работа.


За да се намали ризикот од електричен шок, оваа опрема има приклучок за заземјување кој има трет (заземјување) пин. Овој приклучок ќе се вклопи само во штекер за заземјување. Ако приклучокот не се вклопи во штекерот, контактирајте ги лицата кои се квалификувани за да го инсталираат соодветниот приклучок. Немој да го менувате приклучокот на било кој начин.


Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува на тоа дека овој производ не може да се третира како домашен отпад. Наместо тоа, треба да се предаде на сервисот на Blueair или на место за собирање за рециклирање на електрична и електронска опрема. Осигурувајќи се дека овој производ е правилно отстранет, ќе помогнете да се спречат идни негативни последици за животната средина и здравјето на луѓето кои инаку би можеле да бидат предизвикани од несоодветно ракување со овој производ.

# Вовед

## Општи инструкции на безбедност

Прочистувачот на воздух Blueair Pro серијата е електричен апарат. Ве молиме, пред да почнете да го употребувате, прочитајте ги инструкциите за безбедност и преземете ги сите потребни мерки на претпазливост за да се намали ризикот од пожар, електричен шок или повреда. Ограничената гаранција Blueair се применува само ако производот се користи според овие инструкции.

Овој производ не е наменет да го користат лица ( вклучувајќи и деца) со ограничена физичка, сетилна или ментална способност, или со недоволно искуство и знаење, освен ако не им е одреден надзор или инструкции во врска со употребата на апаратот од страна на лице одговорно за нивната безбедност.

Децата треба да бидат надгледувани за да се осигурате дека тие не си играат со апаратот. Доколку кабелот за напојување се оштети, тој мора да биде заменет од страна на производителот или неговиот агент за сервис или соодветни квалификувани лица со цел да се избегне опасност.

## Поставување

Поставете го уредот на место каде што воздухот може слободно да циркулира во, надвор и околу уредот. Минималното прифатливо растојание од друг објект е 4" или 10 см. Користете само оригинални Blueair филтри.

**Не го ставајте уредот:**

 Директно до или на мек мебел, како на пример постелнина или завеси.

 Во близина на извор на топлина, како на пример греалки/радијатори, камини или рерни.

 Во близина на влажни места, како на пример бањи или простории за перење, каде може да дојде во контакт со вода.

 Надвор на отворено.

# Подесување

Приклучете го кабелот за струја цврсто и целосно во вградениот влез за кабел за струја кој се наоѓа на дното на уредот и другиот крај приклучете го во заземјен ѕиден штекер или кабел за напојување. Наместете го уредот на максимална брзина, што се препорачува за брзо почетно чистење, дневна употреба или многу загаден воздух. По неколку минути, прилагодите го уредот до саканата брзина. Минималната брзина обично се препорачува за ноќна употреба.

**А. Функција на дисплеј без модул за препознавање на воздухот**



Дисплејот е во мирување



Вклучете го Вашиот прочистувачот за воздух Blueair со допирање на копчето ПЛУС на уредот. Ќе се појави сина линија помеѓу копчињата.



Подесувајте ја брзината од 1 до 3 со користење на копчињата ПЛУС и МИНУС.

Исклучете го прочистувачот за воздух со притискање на копчето МИНУС кога уредот е во прва брзина.



Црвено светло за замена на филтер ќе светне кога ќе има потреба филтерот да се замени.

Додека работи уредот, после 30 секунди дисплејот полека ќе исчезне. За да го активирате повторно дисплејот, само допрете некое од копчињата.

**Б. Функција на дисплеј со модул за препознавање на воздух**



Потребен е модул за препознавање на воздухот. За инсталирање и одржување на модулот за препознавање на воздух, Ве молиме прочитајте на страна 16, Модул за препознавање на воздух.

Вклучете го Вашиот Blueair прочистувач на воздух со допирање на копчето ПЛУС на уредот. Помеѓу копчињата ќе се појави сина линија.

Над сината линија. двете колони ги прикажуваат нивоата на честичките со воздух (PM2.5) и загадувачите од гас (GAS). Една линија (зелено) претставува ниско ниво на честички или гас.

Три линии (зелено, жолто и црвено) претставуваат високо ниво на честички или гас, што укажува дека треба да се зголеми работната брзина или да го поставите уредот на автоматски начин на работа.

Исклучете го прочистувачот за воздух со притискање на копчето МИНУС кога уредот е во прва брзина.



За автоматски начин на работа, допрете го копчето PLUS кога уредот работи со брзина 3. Ќе се појави зборот AUTO, а двата сензори за квалитет на воздухот ќе ја прилагодат брзината според нивото на загадување.

За да се вратите на рачното работење, допрете го копчето MINUS.



Црвено светло за замена на филтер ќе светне кога ќе има потреба филтерот да се замени.

Ве молиме запомнете: Модулот за препознавање на воздухот ќе покаже високо ниво и на честички и на гас во првите пет минути од работењето, додека сензорите за квалитет на воздухот да ја одредуваат вредноста.

# Грижа и начин на одржување

Blueair прочистувачите на воздух имаат високо квалитетен дизајн, материјали и изработка. За да го одржувате Вашиот уред во одлична состојба, препорачуваме редовно чистење. Пред да се чисти или одржува апаратот мора да се исклучи од струја.

- Вшмукајте ја решетката за воздух одвнатре кога ќе го извадите филтерот за да го замените.
- Избришете ја надворешноста на уредот со мека, чиста, влажна ткаенина.
- Никогаш немој да го чистите со бензин, хемиски растворувачи или корозивни средства бидејќи може да ја оштетат површината.
- Не дозволувајте надворешни предмети да влезат во отворите за влез и излез на воздух. Може да предизвика електричен шок или да го оштети уредот.
- Немој да се обидувате да ги поправате или прилагодувате било кои електрични или механички функции на Вашиот Blueair уред. Контактирајте го Вашиот локален продавач или Blueair за информација околу гаранцијата.

# Како работи

Воздухот поминува низ јонска комора, каде што воздушните честички се полнат со негативни јони. Наполнетите честички одат до површината на HEPASilentTM филтерот. Прочистениот воздух, кој е практично без загадувачи, повторно се враќа во собата.



# Промена на филтерот

Пред да започнете со промена на филтерот, исклучете го уредот и извадете го кабелот од ѕидниот штекер.



Исклучете го уредот и отворете ја вратичката за влез на воздух од горниот агол. Вратичката за влез на воздух е од десна страна кога го гледате уредот од напред.



Филтерот е поставен во уредот во V форма. Два притискачи ѕиркаат од страните.



Со помош на притискачите, спојте ги двете страни на филтерот.



Нежно повлечете го валканиот филтер од уредот.



Држете ги страните на филтерот заедно споени, наместете го новиот филтер во уредот со помош на линиите за насока горе и доле на куќиштето на филтерот.



Нежно вратете го внатре филтерот.



Вратете ги страните на филтерот назад со помош на притискачите.



Вратете ја вратата за влез на воздух. Вклучете го уредот.



За  Blueair Pro L и XL, повторете ги чекорите од 2 до 7 за сите пакети со филтери.

9



Приклучете го во штекер, вклучете го и допрете го и држите три секунди на црвеното светло за промена на филтер. Ќе светне и исчезне.

# Додавање на Carbon+ Филтерот



Со држење на страните затворени, нежно вметнете го Carbon+ Филтерот во уредот.



Стиснете ги страните накај главниот филтер.



Прицврстете го Carbon+  Филтерот во рамката на главниот филтер.

Додека работи уредот, после 30 секунди дисплејот полека ќе исчезне. За да го активирате повторно дисплејот, само допрете некое од копчињата.

# Филтер

Патентираната HEPASilentTM технологија го прави Blueair Pro серијата неверојатно тивка. Уредот доаѓа со веќе инсталиран HEPASilentTM филтер.

**Филтер за честички.** Вклучува филтер за честички кој ги отстранува прашината, поленот, бактериите, прав од миленичиња, мувла и други честички во воздухот. Филтерот за честички е направен од полипропилен, кој механички ги филтрира воздушните честички. За да се зголеми ефикасноста на филтерот, честичките се наполнети негативно од уредот Blueair пред да стигнат до филтерот.

**SmokeStop ™** филтер. Вклучува комбиниран филтер за честички и активен јаглен за отстранување на гасовити загадувачи како чад од цигари и пури или други VOCs (испарливи органски соединенија, вклучувајќи бои за домаќинство и други хемикалии).

Додавањето активен јаглен во филтер може да влијае на протокот на воздух и CADR. Исто така, може да забележите мала миризба од јаглеродот кога се користи филтерот за првпат; ова брзо ќе исчезне.

**Carbon + филтер**. Дополнителен филтер со активен јаглен кој може да се монтира во Blueair Pro серијата, покрај главниот HEPASilentTM филтер за честички или филтерот SmokeStop ™. Обезбедува дополнителна заштита од гасовити загадувачи како што се формалдехид, сулфур диоксид и испарливи органски соединенија.

За оптимални перформанси, Blueair препорачува да ги заменувате филтрите на секои шест (6) месеци од употребата.

Ви нудиме добра програма за претплата за филтри во некои земји. Контактирајте го Вашиот локален продавач или Blueair за да дознаете дали програмата е достапна за вас.

ВАЖНО! Користете само оригинални Blueair филтри за да обезбедите соодветна функција на вашата единица и да се квалификувате за целосна гаранција.

Запис на купувачи

Бројот на моделот и серискиот број на овој производ може да ги најдете на дното на уредот. Внесете ги потребните податоци во просторот што е даден подолу и чувајте го за понатамошна потреба.

Број на моделот ______________________ Име на продавачот ______________________

Сериски број ______________________ Адреса на продавачот ______________________

Датум на купување ______________________ Телефонски број ______________________

# Модул за препознавање на воздух

Со додавање на Blueair модулот за препознавање на воздух, Blueair Pro уредот може постојано да го следи и пријавува квалитетот на воздухот во околината преку најсовремените сензори за честички и гасови. Исто така, уредот може да работи на автоматски начин, каде што брзината е поставена според нивото на загадување што сензорите го детектираат.

Доколку сакате да го надградите Вашиот Blueair Pro уред со Модул за препознавање на воздухот, посетете ја страната www.blueair.com за да го најдете Вашата најблиска продавница.



Извлечете го капакот што се наоѓа кај држачот на модулот.



Внесете го модулот за препознавање на воздух во држачот за модулот.



Внесете го филтерот и повторно затворете ја вратата.
Извадете го горниот дел од филтерот, види Промена на Филтер чекор 1-4.

# Начин на одржување на модулот за препознавање на воздух

- Отстранете го модулот од уредот.
- Користете правосмукалка за нежно да го исчистите влезот пред сензорот за гас.
- Користете навлажнет памук за да го исчистите објективот на сензорот за прав. Откако ќе ја исчистите нечистотијата од леќата, користете сув памук за бришење на леќата. Немој да користите алкохол за чистење на леќата.
- Повторно вметнете го модулот.





# Blueair Pro

# Професионални перформанси Супериорен стил

Blueair е заснован на верувањето дека секој треба да може да ужива во чист воздух во затворени простории, дома или на работното место. Станавме глобален авторитет за тоа како да ги отстраниме нечистотиите во затворениот воздух до најситната честичка благодарение на нашето голема обврзување за истражување и иновации. Нашите поздрави решенија за воздух работат тивко и користат многу малку енергија за побрзо чистење на воздухот, отстранување на алергени, предизвикувачи на астма, вируси, бактерии и други загадувачи во воздухот.

Ние ги развиваме најдобрите светски чистачи за воздух затоа што силно веруваме дека чистиот воздухот е основното човеково право. Blueair – Создаден со љубов во Шведска.


Blueair
www.blueair.com
Blueair AB
Danderydsgatan 11
SE-114 26 Stockholm
Sweden
Tel: +46 8 679 45 00
Fax: +46 8 679 45 45
info@blueair.se
Blueair (Shanghai)
Trading Co. Ltd.
Rm 1005 City Gateway
No. 398 North Caoxi Road
Xuhui Distr, Shanghai
Tel: +86 21 6091 0981
Fax: +86 21 6091 0989
info@blueair.cn
Blueair Inc.
Suite 1900
100 N LaSalle Street
Chicago
IL 60602
Tel: +1 888 258 3247
Fax: +1 312 727 1153
info@blueair.com
Blueair India
Embassy of Sweden
Nyaya Marg
Chanakyapuri
New Dehli – 110021
Tel: +91 11 4606 7121
Fax: +91 11 4606 7120
india@blueair.se